# Годишен извештај на Фондацијата "е-Македонија" за 2010 година

Фондацијата "е-Македонија" е основана во 2004 година согласно одлуката на Одборот на директори на Македонски Телеком АД – Скопје (МКТ) како Основач, а во чест на имплементација на идејата на починатиот Претседател на Република Македонија, г-дин Борис Трајковски, за ширење и поддршка на придобивките од информатичко општество и унапредување на знаењето.

Целите на Фондацијата се: Поддршка на Интернет технологијата и употребата на Интернет; Надминување на „дигиталниот јаз"; Обезбедување на подобар квалитет на живот на граѓаните; Јавно признавање на активностите на МКТ ширум земјата.

Во текот на 2009 и 2010 година мандатот на шест од вкупно седум членови на Управниот одбор на Фондацијата  е истечен. Основачот на Фондацијата не назначи нови членови на Управниот одбор, поради што и Фондацијата немаше  активности во текот на 2010 година.

Во јуни 2010 година е истечен едногодишниот договор за орочување на средства и орочените средства заедно со средствата од камата се префрлени на жиро сметката на Фондацијата.

Средствата со коишто располага Фондацијата заклучно со 31 декември 2010 година изнесуваат МКД 6.840.108, како што е презентирано подолу во Билансот на успех и Билансот на состојба за 2010 година.

е-Македонија

Биланс на приходите и расходите — во денари

| | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| Приходи од камати | 437.210 | 16.277 |
| Позитивни курсни разлики | 10.031 | |
| Вишок на приходи од минати години | 254.840 | 243.598 |
| **Вкупно приходи** | **702.081** | **259.875** |
| Други расходи | | 5.035 |
| **Вкупно расходи** | | **5.035** |
| **Остварен вишок на приходи** | **702.081** | **254.840** |

Биланс на состојба

| | | |
|---|---|---|
| **Средства** | | |
| Парични средства и депозити во банки | 6.840.108 | 6.392.867 |
| **Вкупно средства** | **6.840.108** | **6.392.867** |
| **Обврски и капитал** | | |
| Вишок на приходи пренесени во наредна година | 702.081 | 254.840 |
| Основачки капитал | 6.138.027 | 6.138.027 |
| **Вкупно обврски и капитал** | **6.840.108** | **6.392.867** |